РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-9404/1
29-11-2022

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 78-та седница одржана на 14.11.2022 година ја донесе следната

ОДЛУКА

Постапувањето по пријавата со број 12-1775/1 од 14.04.2020 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, предметот нема елементи за натамошно постапување.

Пријавата да се проследи на надлежно постапување до Министерство за внатрешни работи на РСМ.

Предметот со број 12-1775 од 2020 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-1775/1 од 14.04.2020 година е оформен врз основа на поднесена пријава од непознат подносител. Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на сомнежи за несовесно постапување и злоупотреба на службената положба и овластувања на службени лица во ///, инспекторите ///, ///, /// и ///, кои во постапка по јавна набавка, преку измени на подзаконски акти, овозможиле на приватниот субјект /// да се стекне со повластена положба, со цел да добие државен тендер, а ова по пат на фаворизирање. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата не се доставени докази.

По увидот во содржината на пријавата, ДКСК побара надлежно постапување од /// и од добиениот одговор не произлегуваат елементи за натамошно постапување. Имено, лицата ///, /// и ///, повеќе немаат статус на службени лица, заради што ДКСК нема основ за понатамошно постапување по предметот. Дополнително, во отсуство на ///, со цел да се испитаат наводите од пријавата, ДКСК цени дека надлежен орган кој со закон е овластен да преземе понатамошни мерки и дејствија по предметот е Министерство за внатрешни работи на РСМ, заради што оцени пријавата да ја проследи на надлежно постапување до овој орган.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Согласно горе наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот.

Доставено до:
- Архивата на ДКСК
- Министерство за внатрешни работи на РСМ

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: К. Н.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска